Александра Ќурчиевска, професор по одделенска настава

| **Седмица: 14**<br>**Датум:** | | | **Тема: Мерење и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Решава текстуални задачи со користење на нестандардни и стандардни мерки за должина** | | **Одделение: II** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин. | Пресметува, мери и споредува должина, избирајќи и користејќи соодветни стандардни единици | Може да пресметува, мери и споредува должина, избирајќи и користејќи соодветни стандардни единици | Проверка на усвоеноста на знаењата за стандардни и нестандардни мерки за мерење должина.<br>Наставникот поставува задачи и прашања, а учениците одговараат<br>- Што означува „m“?<br>- Поредете ги следниве предмети според нивната должина почнувајќи од најкраткиот. (Изберете пет предмети коишто е јасно дека имаат различна должина.)<br>- Како утврдувате кој од двата предмета е подолг? | З/И | Прирачник за наставници | Прашања/одговори<br>Решение<br>Набљудување<br>Дискусија |
| 20 мин. | Ги разбира едноставните текстуални задачи (во еден или во два лесни чекори).<br>Определува кои операции се потребни (собирање или одземање, едноставно множење или делење) за нивно решавање и со помош, ги претставува со предмети, со цртежи или со низа од броеви | Може да решава едноставните текстуални задачи (во еден или во два лесни чекори).<br>Може да определи кои операции се потребни (собирање или одземање, едноставно множење или делење) за нивно решавање и со помош, ги претставува со предмети, со цртежи или со низа од броеви | Наставникот дава работен лист за учениците. Учениците се поделени во групи. Секоја група добива работен лист со текстуални задачи со користење на мерки за должина. Групите ги решаваат работните листови, притоа треба да користат мисловни стратегии, да определат кои операции ќе ги користат и како ќе ги претстават задачите. | Г | Работни листови за учениците<br><br>Хартиени линијари со различни должина | |
| 10 мин. | Прави разумна проценка на одговорот на една задача.<br>Дава свое мислење дали некој одговор е разумен.<br>Усно го образложува начинот на решавање и размислувањето | Може да направи разумна проценка на одговорот на една задача.<br>Дава свое мислење дали некој одговор е разумен.<br>Може усно да го образложи начинот на решавање и размислувањето. | Презентација на сработеното на групите. | Г/З | Флип-чарт, маркери | |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| Воведните активности се заедничка и индивидуална, главните активности имаат групна работа, завршните активности се групни со постојан надзор на наставникот, консултации и потребна помош. | | | | | Должина, ширина, висина, длабочина, долго, кратко, висок. | |
| Наставни методи: метод на истражување, еуристички методи, говорен метод, метод на игра, практична работа. | | | Наставни техники: бура на идеи, минута техника, прашања/одговори. | | | |

obrazovanie.literatura.mk

| **Седмица: 14**<br>**Датум:** | | | **Тема: Мерење и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Проценува, мери и споредува зафатнина со нестандардни мерки** | | **Одделение: II** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин. | Проценува зафатнина избирајќи и користејќи соодветни нестандардни единици.<br>Усно го образложува начинот на решавање | Може да проценува зафатнина избирајќи и користејќи соодветни нестандардни единици.<br>Може усно да го образложува начинот на решавање | Активност за загревање: Учениците работат во групи. Секоја група има различни садови. Наставничката врти вртимушка на која е испишано помалку или повеќе и држи предмет во другата рака. Во зависност од исходот на вртењето, групите треба да одберат сад што собира повеќе или помалку. | Г | | Прашања/одговори<br>Набљудување<br>Дискусија |
| 20 мин. | Пресметува, мери и споредува зафатнина, избирајќи и користејќи соодветни нестандардни единици.<br>Дава свое мислење дали некој одговор е разумен.<br>Усно го образложува начинот на решавање и размислувањето | Може да пресметува, мери и споредува зафатнина, избирајќи и користејќи соодветни нестандардни единици.<br>Може да даде свое мислење дали некој одговор е разумен.<br>Може усно да го образложува начинот на решавање | Учениците работат во групи. Добиваат задачи според групите.<br>Прва група: Им се дава два сада со иста маса и песок и вода. Учениците го споредуваат волуменот на двата сада, со тоа што ќе ги наполнат со вода или со песок, а потоа содржината од тој сад ќе ја претворат во другиот сад и ќе истражуваат кој сад собира повеќе.<br>Втора група: Го прават истото истражување како и првата група, но тие добиваат две различни по големина тегли и шеќер и сок.<br>Трета група: Добиваат повеќе садови, треба да ги подредат по големина, а потоа да ставаат вода во секој од нив и да ги потврдат проценките со споредување и мерење со нестандардни мерки. | Г | | |
| 10 мин. | Споредува зафатнина, избирајќи и користејќи соодветни нестандардни единици.<br>Усно го образложува начинот на решавање и размислувањето | Може да споредува зафатнина, избирајќи и користејќи соодветни нестандардни единици.<br>Може усно да го образложува начинот на решавање | Презентација на сработеното и донесување заклучоци. | З/И | | |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| Воведни активности – заедничка, препознавање на симболите на монетите.<br>Главни активности – групна работа на учениците (истражувачка активност).<br>Завршни активности – заедничка и групна работа. | | | | | Капацитет, држи, содржи, полно, празно, половина полно, литар, сад, мерка, големина, споредува, ги погодува, проценува, доволно, недоволно. | |
| Наставни методи: метод на истражување, еуристички методи, говорен метод, метод на игра, практична работа. | | | Наставни техники: бура на идеи. | | | |

| **Седмица: 14**<br>**Датум:** | | | **Тема: Мерење и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Проценува, мери и споредува зафатнина со стандардни мерки** | | **Одделение: II** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин. | Проценува зафатнина избирајќи и користејќи соодветни нестандардни единици.<br>Усно го образложува начинот на решавање | Може да проценува зафатнина избирајќи и користејќи соодветни нестандардни единици<br>Може усно да го образложува начинот на решавање | Активности за загревање: Прашања од наставникот – Што мислите, колку собира секој од садовите на масата?<br>Учениците размислуваат, проценуваат и споредуваат со помош на нестандардни мерки.<br>Најава на целта на часот – Мерење на зафатнина со стандардна мерка – ЛИТАР. | З<br><br>И | Монети, тетратки, прибор за пишување.<br><br>Прирачник за наставници | Прашања/одговори<br>Решение<br>Набљудување<br>Дискусија |
| 20 мин. | Пресметува, мери и споредува зафатнина, избирајќи и користејќи соодветни стандардни единици.<br>Дава свое мислење дали некој одговор е разумен.<br>Усно го образложува начинот на решавање и размислувањето. | Може да пресметува, мери и споредува зафатнина, избирајќи и користејќи соодветни стандардни единици.<br>Може да даде свое мислење дали некој одговор е разумен.<br>Може усно да го образложува начинот на решавање | Наставникот поставува различни садови на кои се обележени броеви.<br>Учениците ги разгледуваат садовите и ги читаат броевите и ознаките до нив. Наставникот објаснува дека мерката за зафатнина е литар.<br>Количеството течност се мери во литри.<br>Прашања за учениците: Што мислите, колку течност собира секој сад?<br>Учениците, според своја процена (од око), нека ги подредат садовите по големина, почнувајќи од оној што може да содржи најмалку (оној што во себе собира најмалку течност). Потоа, нека ги прочитаат мерките на садовите. Ако ги имаат наместено садовите по точен редослед, ќе забележат дека бројот на литри се зголемува. | З<br><br>И | Монети, тетратки, прибор за пишување.<br><br>Прирачник за наставници | |
| 10 мин. | Споредува зафатнина, избирајќи и користејќи соодветни стандардни единици.<br>Усно го образложува начинот на решавање и размислувањето | Може да споредува зафатнина, избирајќи и користејќи соодветни стандардни единици.<br>Може усно да го образложува начинот на решавање | Краток работен лист за учениците, за да се провери усвоеноста за мерката за зафатнина (литар). | И | Монети, тетратки, прибор за пишување.<br><br>Прирачник за наставници | |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| Воведни активности – заедничка и индивидуална работа.<br>Главни активности – заедничка и индивидуална работа.<br>Завршни активности – индивидуална работа. | | | | | Капацитет, држи, содржи, полно, празно, половина полно, литар, сад, мерка. | |
| Наставни методи: метод на истражување, еуристички методи, говорен метод, метод на игра, практична работа. | | | Наставни техники: бура на идеи. | | | |

obrazovanie.literatura.mk

| **Седмица: 14**<br>**Датум:** | | | **Тема: Мерење и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Решава текстуални задачи со користење на нестандардни и стандардни мерки за зафатнина** | | **Одделение: II** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин. | Пресметува, мери и споредува зафатнина, избирајќи и користејќи соодветни стандардни единици | Може да пресметува, мери и споредува зафатнина, избирајќи и користејќи соодветни стандардни единици | Активности за загревање: потсетување на учениците за мерките за зафатнина:<br>• Што означува „l“?<br>• Подредете ги предметиве според нивната зафатнина (дадете различни предмети).<br>• Колку од овие шишиња (дадете пример) се потребни за да се наполни шише од 1 литар?<br>• Колку шишиња од 1 литар (еднолитарски шишиња) се потребни за да се наполни овој сад (покажете сад)? | З/И | Прирачник за наставници<br><br>Шишиња, садови | Прашања/одговори<br>Решение<br>Набљудување<br>Дискусија |
| 20 мин. | Ги разбира едноставните текстуални задачи (во еден или во два лесни чекори). Определува кои операции се потребни (собирање или одземање, едноставно множење или делење) за нивно решавање и со помош, ги претставува со предмети, со цртежи или со низа од броеви | Може да решава едноставните текстуални задачи (во еден или во два лесни чекори). Може да определи кои операции се потребни (собирање или одземање, едноставно множење или делење) за нивно решавање и со помош, ги претставува со предмети, со цртежи или со низа од броеви | Наставникот поставува задачи за учениците. Учениците решаваат текстуални задачи со мерки за зафатнина, а притоа користат обележани садови кои ќе им помогнат да проценат, мерат, споредуваат.<br>Во шишето собира 3 l вода, а може да собере 5 l вода. Уште колку литри можат да се додадат за да се наполни шишето? Во еден базен собира 25 литри вода. Секој ден се полнат по 5 литри вода. За колку дена ќе се напони базенот?<br>Кравата дава 5 литри млеко, овцата дава 2 литри млеко, а козата дава 1 литар млеко. Колку литри млеко даваат заедно кравата, овцата и козата? | З<br><br><br><br><br><br>И | Листови за решавање на текстуални задачи, прибор за пишување, обележани садови | |
| 10 мин. | Прави разумна проценка на одговорот на една задача. Дава свое мислење дали некој одговор е разумен. Усно го образложува начинот на решавање и размислувањето | Може да направи разумна проценка на одговорот на една задача. Дава свое мислење дали некој одговор е разумен. Може усно да го образложи начинот на решавање и размислувањето | Презентација на сработените задачи.<br><br>Заклучок: За да измериме зафатнина на течностите ја користиме мерката за зафатнина – литар. | З | Флип-чарт, табла, маркери | |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| Воведни активности – индивидуална и заедничка работа.<br>Главни активности – заедничка и индивидуална работа на учениците.<br>Завршни активности – заедничка работа. | | | | | Капацитет, држи, содржи, полно, празно, половина полно, литар, сад, мерка, големина, споредува, ги погодува, проценува, доволно, недоволно. | |
| Наставни методи: метод на истражување, еуристички методи, говорен метод, метод на игра, практична работа. | | | Наставни техники: бура на идеи. | | | |

obrazovanie.literatura.mk

Александра Ќурчиевска, професор по одделенска настава

| **Седмица: 14**<br>**Датум:** | | | **Тема: Мерење и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Решава задачи со користење на стандардни мерки за маса, должина и зафатнина** | | **Одделение: II** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин. | Проценува маса, должина и зафатнина избирајќи и користејќи соодветни стандардни единици.<br>Усно го образложува начинот на решавање | Може да проценува маса, должина и зафатнина избирајќи и користејќи соодветни стандардни единици.<br>Може усно да го образложува начинот на решавање | Активности на учениците: Техника аквариум (учениците влечат слики со предмети и проценуваат тежина, должина и зафатнина).<br>Потсетување на мерките за маса, должина и зафатнина. | З/И | Слики со предмети<br>Голема тегла или аквариум<br><br>Листови со мерките за маса, должина и зафатнина | Прашања/одговори<br>Решение<br>Набљудување<br>Дискусија<br>Работен лист |
| 20 мин. | Пресметува, мери и споредува маса, должина и зафатнина, избирајќи и користејќи соодветни стандардни единици.<br>Дава свое мислење дали некој одговор е разумен.<br>Усно го образложува начинот на решавање и размислувањето | Може да пресметува, мери и споредува маса, должина и зафатнина, избирајќи и користејќи соодветни стандардни единици.<br>Може да даде свое мислење дали некој одговор е разумен.<br>Може усно да го образложува начинот на решавање | Наставникот дели работни листови на учениците. Насоки за работа – процени, спореди и измери.<br><br>Учениците самостојно ги работат работните листови. Наставникот набљудува, поставува прашања, насочува и поттикнува. | И | Работни листови за учениците | |
| 10 мин. | Споредува маса, должина и зафатнина, избирајќи и користејќи соодветни стандардни единици.<br>Усно го образложува начинот на решавање и размислувањето. | Може да споредува маса, должина и зафатнина, избирајќи и користејќи соодветни стандардни единици.<br>Може усно да го образложува начинот на решавање | Проверка на сработеното и евалуација на задачите. | З | Табла,<br>креди | |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| Воведни активности – заедничка и индивидуална работа.<br>Главни активности – индивидуална работа на учениците.<br>Завршни активности – заедничка работа. | | | | | Килограм, метар, литар, сад, мерка, големина, споредува, ги погодува, проценува, доволно, недоволно, премногу, премалку, неколку. | |
| Наставни методи: метод на истражување, еуристички методи, говорен метод, метод на игра, практична работа. | | | Наставни техники: бура на идеи, пауза за размислување. | | | |

obrazovanie.literatura.mk